**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-84

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на СофтверОне Холдинг АГ, со регистрирано седиште на адреса Риеденматт 4, ЦХ-6370 Станс, Швајцарија, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 04.06.2025 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на СофтверОне Холдинг АГ, со регистрирано седиште на адреса Риеденматт 4, ЦХ-6370 Станс, Швајцарија, над Краун Групација Холдинг АСА, друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на адреса Галлхауг Торг бр. 5, 0484 Осло, Норвешка, преку стекнување на акции , иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 15.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на СофтверОне Холдинг АГ, со регистрирано седиште на адреса Риеденматт 4, ЦХ-6370 Станс, Швајцарија, над Краун Групација Холдинг АСА, со регистрирано седиште на адреса Галлхауг Торг бр. 5, 0484 Осло, Норвешка, преку стекнување на мнозинство од акциите во Краун Групација Холдинг АСА.

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**СофтверОне** е глобален добавувач на софтверски и клауд решенија, кој нуди сеопфатен пакет на услуги, вклучувајќи обезбедување поддршка на клиентите со обезбедување и оптимизација на софтверски и клауд лиценци и поврзани услуги за имплементација и поддршка, со цел да им помогне на своите клиенти во справувањето со комплексноста на клауд, како и на податоците и вештачката интелигенција во контекст на дигиталната трансформација.

СофтверОне Групацијата нема зависни друштва, подружници или претставништва регистрирани во Северна Македонија, во 2024 година остварил приход во Северна Македонија преку дистрибуција, односно препродажба на софтвер на клиенти во Северна Македонија.

Краун Групација Холдинг АСА обезбедува услуги за планирање, управување и иновации на IT решенија. Краун Групација Холдинг АСА е интерно поделен на следните деловни области:

- **Софтвер & Клауд директ и Софтвер & Клауд канал**: оваа област ја вклучува понудата на софтверски лиценци на Краун преку кои им обезбедува на своите клиенти софтверски решенија и платформи за клауд инфраструктура развиени од глобални софтверски добавувачи, како што се Microsoft, Google и AWS.
- **Софтвер & Клауд економија**: оваа област се состои од комбинација на услуги, процеси и алатки преку кои Краун им помага на своите клиенти да ја оптимизираат потрошувачката за IT инфраструктура и софтверски лиценци.
- **Консалтинг**: оваа област вклучува управување на клауд и професионални услуги и решенија поврзани со консалтинг за инфраструктура, имплементација на софтвер по нарачка, и миграција и имплементација на клауд.

Во Северна Македонија, Краун Групација Холдинг АСА бил присутен во 2024 година преку своето зависно друштво во целосна сопственост - КРЕЈОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, со регистрирано седиште на ул. Мирче Ацев бр.2-кат 3/ Скопје – Центар, со регистрирана приоритетна дејност 62.100 - Компјутерско програмирање.

.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**